[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 06-02-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Nj. Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 682/1 | | |

**До:Државна комисија за спречување на корупција (имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ги барам следните информации од јавен карактер:

**Почитувани,**

Ви пишувам во својство на известувач и портпарол за етика, интегритет и борба против корупција на [redacted], се цел информирање за моменталниот статус на вршењето на работите определени со закон од страна на вашите членови на Државна комисија за спречување на корупција.

Транспарентно и прецизно информирање на јавноста има клучно значење да се одржи интегритетот на носителите на јавни функции кои чесно ја вршат својата работа, но е важно и за понесување одговорност од оние кои ги злоупотребуваат службената должност и своите овластувања. Како претставник на [redacted], посветен на промовирање на транспарентност и интегритет, од вашата Институција барам информации во врска со вршењето на Вашата функција како членови на ДКСК односно именувани лица во рамки на со закон утврдените надлежности кои ги имате.

**Прецизирано со овој поднесок до вас во форма на Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер, барам да ми доставите информација во која е таксативно набројано со прецизни податоци за кои лица со функцијата која ја тие ја вршеле во тој момент и врз основа на кои наводи, во 2023 година имате покренато иницијативи за поведување постапка за кривично гонење на избрани или именувани функционери, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица што располагаат со државен капитал.**

Од општ односно јавен интерес е да се добие директна и прецизна информација за начинот на кој се решаваат овие прашања, со цел креирање на сеопфатен извештај за постапките покренати против носителите на функции во локалната власт, а вашата транспарентност во овој поглед во голема мера

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./tel/phone:+389 2 3127 453; +389 2 3118 038/ факс/faks/fax:+389 3114 695 Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk

придонесува за зголемување на довербата на јавноста во Државна комисија за спречување на корупција како институција и во секој од вас поединечно како именувано лице и член на комисијата.

Ви благодариме за вниманието посветено на нашето барање, со нетрпение го очекуваме вашиот навремен одговор и очекуваме бараните податоци од наша страна како и сите останати дополнителни информации кои се од интерес да ги споделите во врска со статусот на постапувањата согласно вашите надлежности.

**Со почит,**

[redacted]

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- <u>д) друго писмено во хартиена форма</u> ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- <u>д) друго до архива на Град Скопје</u> ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Правна поука:** Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 03.02.2025 година** [redacted]иена форма)

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./tel/phone:+389 2 3127 453; +389 2 3118 038/ факс/faks/fax:+389 3114 695 Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. / Nr. 03-682/2
25-02-2025 г./v

Врз основа на член 20 став 1 и 2 и член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-682/1 од 06.02.2025 година, доставено од [redacted] го донесе, следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено, под бр. 03-682/1 од 06.02.2025 година, доставено од [redacted] до ДКСК, **ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА**.

Да се одговори позитивно на барањето и до барателот да се достават бараните информации на начин наведено во барањето по одвојување на податоците кои се заштитени со закон.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Барателот на информацијата, [redacted] до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер со кое побара: *„Прецизирано со овој поднесок до вас во форма на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, барам да ми доставите информација во која таксативно набројано со прецизни податоци за кои лица со функцијата која тие ја вршеле во тој момент и врз основа на кои наводи, во **2023** година имате покренато иницијативи за поведување постапка за кривично гонење на избрани или именувани функционери, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица што располагаат со државен капитал".*

ДКСК по разгледување на барањето и по извршен увид во расположливите податоци, утврдено е дека бараните информации делумно се достапни во годишниот извештај за 2023 година и одлуките на ДКСК кои се објавени во деперсонализирана форма.

Во согласност со позитивните законски прописи, не може да биде одобрен целосен пристап до бараните информации, бидејќи тие содржат лични податоци и информации кои подлежат на заштита.

Член 13 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој секој се смета за невин се додека не се докаже спротивното со правосилна одлука ***(начело на презумпција за невиност)***.

Член 1 став 2 од Законот за кривична постапка гарантира тајност на истрагите се до донесување на правосилна судска одлука.

Согласно член 7 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси секој има право да пријави сомневање или сознание за корупција и да биде заштитен согласно со закон.

Согласно член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), ДКСК постапува по предмети оформени по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

Согласно член 22 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), седниците на ДКСК се јавни.

Согласно член 22 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), по исклучок на ставот (4) од овој член, јавноста може да биде исклучена кога се постапува по предмети кои содржат класифицирани информации и податоци кои се заштитени со закон.

Исто така имајќи ги во предвид одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се констатира дека се работи за информации како исклучок од пристап до информации од јавен карактер согласно член 6 став 1 точка 2 и 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, поради што се пристапи кон спроведување на тест за штетност.

Согласно член 6 став 1 точка 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер информацијата имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката.

Согласно член 6 став 1 точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до информација согласно со закон ако информацијата се однесува на личен податок чие откривање би значело повреда на личните податоци.

Согласно член 4 став 1 точка 1 од Законот за заштита на личните податоци личен податок е уредено ................*„Личен податок“ е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице.*

ДКСК, постапувајќи во смисла на член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а во врска со член 3 став 1 точка 6 од истиот закон, ги разгледа последиците кои можат да настанат доколку позитивно одговори на барањето и бараните документи го достави до барателот и тоа: интересот кој се заштитува во однос на јавниот интерес кој би се постигнал со доставување на бараниот документ и тоа: правото на пристап кон информациите, начелото на јавност и јавна контрола на вршење на власта, јавните овластувања, службената должност и положба, како и работите од јавен интерес и сл.

Со оглед на ваквата фактичка состојба и по разгледување на барањето за пристап до информации од јавен карактер, ДКСК посебно ја разгледа можноста за овозможување на делумен пристап на барателот до бараната информација.

Со оглед на тоа што документите содржат податоци кои можат да се одвојат од документот без притоа да се загрози неговата безбедност, согласно член 6 став 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации (ДКСК), ги одвојува тие информации од документот и го известува барателот за содржината на барањето на останатиот дел од документот.

Имајќи го предвид наведеното, целосно објавување на бараните податоци би можело да предизвика неоснована компромитација на лица за кои не е донесена правосилна одлука, со што би се нарушило нивното уставно загарантирано право на презумпција на невиност.

Од таа причина Вашето барање делумно се одобрува, при што Ви се овозможува пристап до број на поднесени инцијативи во бараната временска рамка, категориите на дела за кои се поднесени иницијативите (корупција, злоупотреба на службена положба и овластување, конфликти на интереси и др.).

Со оглед на содржината на барањето каде е прецизирано од страна на барателот со која информација сака да се запознае, ДКСК констатираше дека располага со бараните податоци и одлучи до барателот да се дадат бараните информации документи на начин наведено во барањето по одвојување на податоците заштитени со закон.

Со оглед на наведеното, по спроведувањето на тестот на штетност со смисла на член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и резултатот од истиот, беше одлучено како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

**Изготвил:** Бурим Абази – Службено лице,
**Одобрил:** Адем Чулуљ – Генерален секретар,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

03-682/3
25-02-2025

ДО
[redacted]

**Предмет:** Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер
Ваш број: 08-1225 од 06.02.2025 година

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш бр. 03-682/1 од 06.02.2025 година, со кое барате:
*„Прецизирано со овој поднесок до вас во форма на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, барам да ми доставите информација во која таксативно набројано со прецизни податоци за кои лица со функцијата која тие ја вршеле во тој момент и врз основа на кои наводи, во* ***2023*** *година имате покренато иницијативи за поведување постапка за кривично гонење на избрани или именувани функционери, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица што располагаат со државен капитал“.*

Ве известуваме за следното:

Согласно член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), ДКСК постапува по предмети оформени по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

ДКСК во рамките на своите надлежности поради постоење сомнеж за корупција и злоупотреба на јавната функција во **2022** година за има поднесено **28 Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење** до надлежните јавни обвинителства на РСМ и тоа :

**1. Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење доставена на 13.04.2023 година до ОЈО ГОКК - Скопје на 18.04.2023 година против наведените службени лица поради сомнежи за сторено кривично дело од чл. 353 од Кривичниот Законик (“Службен весник на РМ” бр. 37/96 ... 55/13), и овозможување стекнување на противправна имотна корист на службеник кој бил отсустен од работа повеќе од три месеци а притоа земал редовна плата**

Стекнување на противправна имотна корист на службеник кој бил отсустен од работа

повеќе од три месеци а притоа земал редовна плата. Иницијативата е против службени лица //////, /////, вработени во Управа ///// на РСМ ////// и /////, в.д. директор на Управа ///// на РСМ, поради сомнежи за сторено кривично дело од чл. 353 од Кривичниот Законик

**2. Иницијатива за Поведување постапка за кривичногонење доставена на 12.05.2023 година до ОЈО ГОКК – Скопје против сите против /////, актуелен министер за ///// на РСМ, /////, актуелен директор на ЈОУДГ "/////" /////, /////, ///// и /////, членови на Управен одбор на ЈОУДГ "/////" ///// и непознати сторители - инспектори во Министерство ///// на РСМ.**

Несовесно работење, злоупотреба на службената положба и овластувања, непреземање должни дејствија и пропуштање на должен надзор, со цел незаконски да се додели мандат за директор на ЈОУДГ "/////" ///// на службено лице /////, личен пријател на службено лице /////, актуелен министер за ///// на РСМ, по пат на кронизам.

**3. Иницијатива за Поведување постапка за кривично гонење доставена на 12.05.2023 година до ОЈО ГОКК – Скопје против /////, /////, вработени во Агенција за ////// на РСМ, /////, актуелен директор и /////, поранешен директор на Агенција ///// на РСМ за исплата на дупла плата на вработени и фалсификување службена документација во Агенција за ///// на РСМ.**

Исплата на дупла плата на вработени и фалсификување службена документација во Агенција за ///// на РСМ.

**4. Иницијатива за Поведување постапка за кривично гонење доставена на 21.07.2023 година до ОЈО Тетвоо поради постоење на основи за сомневања за сторено кривично дело по член 353 став (1) „Злоупотреба на службената положба и овластување" во врска со член 23 и 24 од Законот за јавните претпријатија и на член 50 од Законот за локалната самоуправа, против Градоначалник на Општина /////, /////, и избраниот ВД директор,**

Избор/именување на ВД директор во јавно претпријатие спротивно со член 23 и 24 од Законот за јавните претпријатија и член 50 од Законот за локалната самоуправа.

**5. Иницијатива за Поведување постапка за кривично гонење доставена на 21.07.2023 година до ОЈО Скопје против /////, Градоначалник на ///// и лицето кое било избрано/именувано за ВД директор во ЈУ, за сомневања за сторено кривично дело по член 353 став (1) „Злоупотреба на службената положба и овластување" и 353-в став (1) од Кривичниот законик, „Несовесно работење во службата". -- назначување В.Д. Директор на ЈУ /////**

Избор на ВД директор во ЈУ ////спротивно на член 34 од Закон за култура.

**6. Поведување постапка за кривично гонење доставена на 24.07.2023 година до ОЈО Скопје , против: /////, Градоначалник на /////, и ///// - вршител на должност директор на ///// - ///// во рок од 6 (шест) месеци, почнувајќи од 03.08.20// година. в.в. избор на вд директор /////.**

Континуиран избор на ВД директор спротивно на материјални закони

**7. Иниијатива за Поведување постапка за кривично гонење доставена на 08.08.2023 година до ОЈО ГОКК – Скопје, за службени лица од Државната ///// и други службени лица, поради постоење на сомневање за можна злоупотреба на функцијата/ јавното овластување/ службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг, согласно член 17 став 1 точка 5 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, преку пропуштање на дејствија, ненавремено постапување, и непостапување, со што сториле штета на Буџетот на Република Северна Македонија.**

Утврдените состојби од јавната набавка на FINGERPRINT апаратите упатува на сомнеж дека со начинот спроведеување на јавната набавка доведено е во прашање одржувањето на изборите спротивно на начинот којшто е утврден во членот 108-а од Изборниот законик. Техничката спецификација според Комисијата за заштита на конкуренцијата содржела ограничувачки критериуми, бил фаворизиран избраниот економски оператор; не било можно да се утврди дали карактеристиките на доставениот предмет на набавка кореспондирале со спецификите во доставената понуда; не е извршен тест на функционалноста на набавениот систем, а спорен е квалитетот и навременоста на одржаните обуки за ракување со системот како и за усогласеноста на начинот на кој биле спроведени со одредбите од потпишаниот договор. За ограничувачките критериуми било укажано и од страна на други лица, а од страна на повеќе службени лица била упатена писмена реакција по повод наводната злоупотреба на нивното присуство на презентација во насока на креирање на записници кои понатаму би служеле како потврда за целосно исполнување на одредбите од договорот, но и покрај тоа, бил составен записник со кој исполнувањето на одредбите од договорот од страна на изведувачот како избран економски оператор сепак било потврдено.

**8. Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење доставена на 25.07.2023 година до ОЈО ГОКК – Скопје, поради сомнежи за намерно оштетување на доверители – РСМ и други, по пат на фалсификување документација, измама и перење други приноси од казниво дело, со цел обезвреднување на имот кој бил во сопственост на РСМ и преземање на неговата сопственост од страна на друго правно лице, по пат на несовесно работење и злоупотреба на службената положба и овластувања од страна на нотари, извршители, проценители и на службени лица во ///// на РСМ, нестручно и несовесно извршување на ///// и ///// функција, со што е сторена штета на Буџетот РСМ и на нејзиниот имот.**

Сомневања за измама и перење други приноси од казниво дело, со цел обезвреднување на имот кој бил во сопственост на РСМ и преземање на неговата сопственост од страна на друго правно лице, несовесно работење и злоупотреба на службената положба и овластувања од страна на нотари, извршители, проценители и на службени лица во ///// на РСМ со што е сторена штета на Буџетот РСМ и на нејзиниот имот.

**9. Поведување постапка за кривично гонење доставена на 21.07.2023 до ОЈО ГОКК – Скопје за злоупотреба на службената положба и овластувања и за злоупотреба на постапката за доделување договори за јавни набавки преку фаворизирање на економски оператори од страна на сегашни и поранешни службени лица во Управата за ///// и овозможување неовластено откривање и со тоа можна злоупотреба на личните податоци на граѓаните на Република Северна Македонија.**

Доделување договори за јавни набавки преку фаворизирање на економски оператори во Управата за ///// и овозможување неовластено откривање и можна злоупотреба на личните податоци на граѓаните на Република Северна Македонија.

**10. Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење доставена на 31.07.2023 година до ОЈО ГОКК – Скопје, против поранешниот директор на ЈП за ///// Скопје кој го застапувал јавното претпријатие во периодот кога бил склучен спорниот договор за набавка на ///// во времетраење од 2 (две) години во период од 2020-2021 година, согласно член 17 став 1 точка 5 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси. в.в. предмет по пријава против службеното лице ///// ВД директор на Јавно претпријатие за ///// Скопје.**

Наводи за набавка на битумен врз основа на договор по кој се исплаќале фактури по значително високи цени и непостапување по укажување на БЈН и утврдени состојби за злоупотреба на службена положба од страна на поранешниот директор на ЈП за ///// Скопје кој го застапувал јавното претпријатие во периодот кога бил склучен спорниот договор за набавка на ///// во времетраење од 2 (две) години во период од 2020-2021 година, согласно член 17 став 1 точка 5 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси. в.в. предмет по пријава против службеното лице ///// ВД директор на Јавно претпријатие за ///// Скопје.

**11. Иницијатива за Поведување постапка за кривично гонење доставена на 24.07.2023 година до ОЈО Струга за ///// - поранешен директор на ЈОУДГ ///// -///// за злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став 1 од КЗ, со искористување на својата службена положба и овозможување корист на други физички и правни лица.**

Поранешен директор на ЈОУДГ ///// -//// ја злоупотребил службената положба и овластување и овозможил стекнување корист на други физички и правни лица по основ на исплати кои произлегуваат од договор за јавни набавки без доказна документација што било потврдено од внатрешна ревизија.

12. Иницијатива за Поведување постапка за крвично гонење доставена на 08.08.2023 година до ОЈО ГОКК – Скопје, против сите чинители кои учествувале во постапката за носењето на деталниот урбанистички план за ///// – Општина /////, од неговото прво усвојување, до неговото укинување по втор пат од Уставен суд на РСМ, а заради сомнежи за несовесно работење, искористување на службената положба и

**овластувања и поткуп.**

Незаконитости при носењето на деталниот урбанистички план за ///// – Општина /////, од неговото прво усвојување, до неговото укинување по втор пат од Уставен суд на РСМ, а заради сомнежи за несовесно работење, искористување на службената положба и овластувања и поткуп

**13. Иницијатива за Поведување постапка за кривично гонење доставена на 08.08.2023 година до ОЈО Струга против службени лица //////, актуелен градоначалник на Општина /////, /////, актуелен в.д. директор на ООУ /////, Општина //////, //////, поранешен директор на истото ООУ, /////, помошник директор на истото ООУ и //////, в.д. директор на ООУ /////, поради сомнежи за искористување и злоупотреба на службената положба и овластувања, фалсификување документација и несовесно работење во службата.**

Основнаи сомневања дека службени лица //////, актуелен градоначалник на Општина /////, /////, актуелен в.д. директор на ООУ /////, Општина //////, //////, поранешен директор на истото ООУ, /////, помошник директор на истото ООУ и //////, в.д. директор на ООУ /////, поради сомнежи за искористување и злоупотреба на службената положба и овластувања, фалсификување документација и несовесно работење во службата овозможиле вработување на лице кое не ги исполнува условите.

**14. Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење доставена на 08.08.2023 година до ОЈО Струга поради сомнежи за злоупотреба на службената положба и овластувања и несовесно работење во службатаод страна на службени лица /////, актуелен градоначалник на Општина ///// и /////, актуелен в.д. директор на ЈП /////.**

Сомнежи за злоупотреба на службената положба и овластувања и несовесно работење во службата од страна на /////////////, актуелен градоначалник на Општина ///// и /////////// актуелен в.д. директор на ЈП ///////////.

**15. Иницијатива за Поведување постапка за кривично гонење доставена на 07.08.2023 година до ОЈО Скопје, поради сомневање за несовесно и незаконско постапување во вршењето на своите овластувања и должности на лицата ///// и ///// - членови на училиштен одбор од редот на наставниците во ООУ /////, за сторено кривично дело „Несовесно работење во службата", казниво со член 353-в од Кривичниот законик.**

Несовесно и незаконско постапување при вршење на своите овластувања и должности на лицата ///// и ///// - членови на училиштен одбор од редот на наставниците во ООУ /////, кои поради пристрасност кон директорката на истото ООУ, ///// и овозможиле да присуствува и учествува во работата на училишниот одбор и влијае при распишување на јавниот оглас во ноември 20// година за избор на директор, но и поради непостапување по наводите од записникот од просветниот инспекторат во однос на избор на директор,поради што нанеле штета на Буџетот на училиштето и предложено е

нивно разрешување.

**16. Иницијатива за Поведување постапка за кривично гонење доставена на 01.09.2023 година до ОЈО ГОКК - Скопје поради сомнежи за злоупотреба на службената положба и овластувања и фаворизирање економски оператор во јавна набавка - /////, од страна на службени лица /////, секретар во Општина ///// и /////, поранешен секретар на Општина /////**

Злоупотреба на службената положба и овластувања и фаворизирање економски оператор во јавна набавка - /////, од страна на службени лица /////, секретар во Општина ///// и /////, поранешен секретар на Општина /////.

**17. Иницијатива за Поведување постапка за кривично гонење доставена на 15.09.2023 година до ОЈО Гевгелија против ///// - Градоначалник на Општина ///// поради постоење на сомневање за сторено кривично дело „Противзаконито располагање со буџетски средства за време на избори" од член 165-в став 2 од Кривичниот законик.**

Градоначалник на Општина ///// извршил исплати на еднократни износи на социјална помош во времетраење на избори за Претседател на Република Северна Македонија во 2019 година е постапено спротивно на изборните забрани од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**18. Инцијатива за Поведување постапка за кривично гонење доставена на21.09.2023 година до ОЈО ГОКК – Скопје, против службено лице /////, вработен во Општина ///// , тогаш градоначалникот на Општина /////, службено лице ///// (и сега актуелен градоначалник на Општина /////), претседателот на комисијата за отуѓување на предметното земјиште, службено лице /////, вработен во Општина /////, неговата сопруга /////, вработена во геодетската фирма ///// ДООЕЛ /////, геодетската фирма ///// ДООЕЛ /////, стручните лица кои ги изработувале елаборатите во геодетската фирма - /////, дипломиран геодетски инженер и /////, геодетски техничар, како и судиите и стручните лица од ///// суд на РСМ и ///// суд на РСМ кои постапувале по предметните тужба и жалба на подносителот, со цел остварување лична корист, т.е. корист за друг - ///// АД /////, поврзано со непознати сторители - поврзани со и/или вработени во ///// АД /////, поради сомнежи за искористување, поткуп и злоупотреба на службената положба и овластувања.**

Службеното лице /////, вработен во Општина /////, постапувајќи по предметот на ///// АД ///// од 02.10.20// година, за отуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба, во својство на претседател на комисија за отуѓување на градежното земјиште, прифатил геодетски елаборат бр. 01-//// од 21.08.20// година од геодетската фирма ///// ДООЕЛ /////, каде работи неговата сопруга /////, и овозможил остварување имотна корист на геодетската фирма, а со тоа и корист на неговата сопруга по основ на примања од работен однос. Во текот на постапката доставувал податоци за изработка

на претходно наведениот геодетски елаборат, врз основа на кој е извршена промена на културата на земјиштето на КП ////// КО ///// од јавно добро – пат во градежно изградено земјиште, со крајна цел на ///// АД /////, во управната постапка, да му овозможи да се стекне со право на откуп на ова градежно земјиште, што било и сторено со склучување на договор на 29.12.20// година кај нотар ///// од /////, заведен под ОДУ бр. ///// во вид на солемнизација – потврда на приватна исправа - Договор за отуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба, склучен помеѓу Општина ///// како подавач и ///// АД ///// како продавач. За евидентирање на предметната трансакција од страна на Агенција за катастар на недвижности на РСМ била издадена Потврда бр.///// /20//од 23.01.20// година.

**19. Иницијатива за Поведување на постапка за кривично гонење доставена на 20.11.2023 година до ОЈО Радовиш поради сомнежи за искористување и злоупотреба на службената положба и овластувања и несовесно работење од страна на поранешен и актуелен градоначалник на Општина /////,В.Д. директор на ЈП /////, службено лице /////, со цел остварување негова лична корист, по пат на доделување незаконски мандат за извршување на директорската функција.**

Незаконско доделување на мандат за извршување на директорската функција и искористување и злоупотреба на службената положба и овластувања и несовесно работење од страна на поранешен и актуелен градоначалник на Општина ///// , како и од страна на вд директор на ЈП /////, службено лице /////, со цел остварување негова лична корист.

**20. Иницијатива за Поведување постапка за кривично гонење доставена на 21.11.2023 година до ОЈО Струмица поради сомнежи за несовесно работење во службата и злоупотреба на службената положба и овластувања од страна на службено лице /////, овластен градежен инспектор во Општина ///// и непознати сторители за незаконско градење.**

Сомнежи за несовесно работење во службата и злоупотреба на службената положба и овластувања од страна на службено лице /////, овластен градежен инспектор во Општина ////// и непознати сторители за незаконско градење на градби на територија на општината.

**21. Иницијатива за Поведување постапка за кривично гонење доставена на 18.12.2023 година до ОЈО ГОКК – Скопје против /////, директор на Агенција за /////, по член 353-в став 1 за несовесно работење во службата и непочитување на Закон за ///// и незаконска распределба на средствата за филмски проекти.**

Незаконска распределба на средствата за филмски проекти од страна на службени лица во Агенцијата

22. Иницијатива за Поведување постапка за кривично гонење доставена на 18.12.2023 година до ОЈО ГОКК – Скопје, поради сомнежи за несовесно работење, искористување и злоупотреба на службената положба и овластувања од страна на службено лице /////, министер за ///// и од страна на други службени лица – непознати сторители од Министерство за ///// на РСМ, службено лице /////, поранешен директор на АД ///// Скопје и други службени лица од АД ///// Скопје – непознати сторители во својство на членови на комисија за спроведување набавка на ///// за потребите на АД ///// Скопје / АД /////.

Сомнежи за несовесно работење, искористување и злоупотреба на службената положба и овластувања од страна на министер, други службени лица од Министерство за ///// на РСМ, како и преку уцена, измама, злоупотреба на јавен повик и со прекршување на меѓународен договор, службено лице /////, поранешен директор на АД ///// Скопје и други службени лица од АД ///// Скопје – непознати сторители во својство на членови на комисија за спроведување набавка на ///// за потребите на АД ///// Скопје / АД /////, со што овозможиле монополско дејствување на домашниот пазар за /////, по пат на директна интервенција на страната на понудата на ///// на домашниот пазар во РСМ, со цел предизвикување криза и пораст на цената на ///// и со тоа остварување профит за ////// ДОО Скопје, ///// АД Скопје и за странско правно лице – ////// од ////// на штета на јавниот интерес во РСМ, стопанството и граѓаните на РСМ и пораст на цената на /////.

23. Иницијатива за Поведување постапка за кривично гонење доставена на 02.02.2023 година до ОЈО ГОКК - Скопје против: /////, градоначалник на Општина /////, - лица вработени во Општина ////// - членови на комисијата за јавна набавка по оглас број 16/20// – лица вработени во Општина ///// - членови накомисија за јавна набавка по оглас број 21/20/ поради основани сомненија за сторено кривично дело по член 275-в став 1 „Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно – приватно партнерство“ и член 353 став (5) од Кривичниот законик „Злоупотреба на службената положба и овластување“, поради непочитување на одредбите од Законот за јавни набавки и обезбедување услови за доделување договори за јавни набавки на фирмата ///// ДООЕЛ /////.

Службени лица во општината - градоначалник и членови на комисии за јавни набавки со злоупотреба на службена положба и овластување преку тендерската документација овозможиле поволни услови за доделување договори за јавни набавки на фирмата ///// ДООЕЛ ///// со што го оштетиле Буџетот на Општина /////.

24 Иницијатива за Поведување постапка за кривично гонење доставена на 03.02.2023 година до ОЈО ГОКК – Скопје против /////, сопственик и управител на ///// АД /////; ///// пратеник во Собрание на РСМ; /////, ///// и министер за /////; - /////, новинар; - /////, поранешен директор на Дирекција на ///// на РСМ; - /////, поранешен член на Управен одбор на Дирекција за ///// на РСМ и член во комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за ЈПП; /////- член во комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за ЈПП и -

/////, службено лице, поранешен вработен во Агенција за /////на РСМ; службено лице, непознат сторител од СЈО; - /////, сопственик и управител на ///// ДООЕЛ /////; - ///// ДООЕЛ /////; и Непознати службени лица од Апелационен суд Гостивар и Врховен суд на РСМ. За сторено кривично дело од чл. 357 ст. 1 в.в. чл. 353-в ст. 2 в.в. чл. 359 ст. 3 в.в. чл. 275-в ст. 3, в.в. чл. 280 ст. 2 и ст. 3 в.в. ст. 1 од Кривичниот законик ("Службен весник на РМ" бр. 39/96 ... 55/13), в.в. чл. 39 ст. 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство ("Службен весник на РМ" бр. 6/12) и в.в. чл.. 8 ст. 3 и 4 од Законот за технолошки индустриски развојни зони ("Службен весник на РМ бр. 14/07, 103/08, 139/09, 156/10 и 127/12).

Злоупотреба на службена положба и овластувања од страна на повеќе лица од неколку институци во постапка за формирање и доделување здржавно земјиште за формирање и започнување со работа на ТИРЗ Тетово, како и од судии во Врховен суд за водење на судска постапка со што направена штета на Буџетот на РСМ во износ ид 2.300.000 евра.

25. Иницијатива за Покренување постапка за кривично гонење доставена на 24.02.2023 година до ОЈО ГОКК - Скопје против: /////, службено лице, актуелен директор на Агенција за ///// на РСМ. /////, службено лице, поранешен директор на Агенција за /////на РСМ, актуелен пратеник во Собрание на РСМ. , Актуелни членови на централна комисија за евалуација на предлог - листите за доделување /////: · /////, претседател, од Агенција за ///// на РСМ; · /////, член, од Канцеларијата на ///// на Влада на РСМ; //////, член, од Агенција за /////на РСМ; · /////, член, редовен професор на Универзитетот "/////"; · /////, член, од Министерство за ///// на РСМ; //////, член, од Агенција за ////// на РСМ; и · /////, член, вработен во Општина /////- Скопје. Поранешни членови на централна комисија за евалуација на предлог - листите за доделување /////: /////, претседател, од Канцеларијата на //////на Влада на РСМ; /////, член, од Канцеларијата на ///// на Влада на РСМ; //////, член, од Македонскиот //////; /////, член, од Министерство за ///// на РСМ; /////, член, од Министерство за ///// на РСМ; /////, член, од Агенција за /////; и /////, член, од Агенција за ///// со сомневање за ненаменско користење на средства од даночно ослободување по Законот за/////. --- заради сомнежи за сторено кривично дело од чл. 353-в ст. 3 в.в. ст. 1 и чл. 279 ст. 2 ист. 3 в.в. ст. 1 од Кривичниот законик ("Службен весник на РМ" бр. 37/96 ••• 55/13L в.в. 14-г чл. 14-д. чл. 14-ѓ и чл. 14-е од Законот за ///// ("Службен весник на РМ" бр. 29102 ••• 190/16 и "Службен весник на РСМ" бр. 98/19 и 244/19) и в.в. чл. 30-а ст 2 ист. 3 од Законот за ///// ("Службен весник на РМ" бр. 112/14 ••. 275/19 и "Службен весник на РСМ" бр. 290/20 и 151/21).

Утврдени злоупотреби од страна на службени лица при доделување на ваучери за спортски клубови во Македонија на начин што ранг листи за доделување т.н ... ваучер" за финансирање биле изготвени без да се земат предвид сите квантитативни и квалитативни критериуми, уредени во законската регулатива и овозможиле нивни блиски спортски субјекти да се стекнат со ваучер за финансирање на /////.

**26. Иницијатива за Поведување постапка за кривично гонење доставена на 15.02.2023 година до ОЈО Скопје против градоначалникот на Општина ///// - ///// и Овластениот ///// инспектор овозможил е нелаглна изградба на објекти на територијата на општината со што овозможиле прибавување корист за друг, на начин што ја злоупотребиле својата службената положба и овластување казниво по член 353 од Кривичниот законик.**

Пријава доставена од ДИГУ за незаконско градење во Општина /// и по две барања од ДИГУ до општината не е добиен одговор што отвара сомневање за бесправно градење. По постапување по предметот постојат сомневање дека со неизвршување на својата службена должност Градоначалникот на Општина ///// - ///// и Овластениот ///// инспектор овозможиле нелегална изградба на објети и злоупотреба на службена должност и овластување овозмоиле прибавување корист за друг.

**27. Иницијатива за Поведување постапка за кривично гонење доставена во 2024 година до ОЈО Скопје против сите инволвирани лица при оводење на постапки по однос на изградба на објект во заштитено подрачје на КП 1743/10, КО /////// 7 во Општина/////////, како и против инвеститорот на градежниот објект на КП 1743/10, КО /////// 7, Општина ///////.**

Злоупотреба на службената должност и положба при постапување директорот и други службени лица на Државниот инспекторат за ///// поради постоење на сомневање за несовесно работење и по однос на изградба на објект во заштитено подрачје.

**28. Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење доставена во 2024 година до ОЈО Скопје против службеното лице ///////////, поранешен Градоначалник на Општина /////////, поради постоење основи на сомневање за злоупотреба на службената должност.**

Против службеното лице, //////////// поранешен Градоначалник на Општина ///////// и други лица, поради постоење основи на сомневање за злоупотреба на службената должност за неправилно склучени авторски договори со повеќе лица.

ДКСК во рамките на своите надлежности поради постоење судир на интереси во 2023 година има поднесено има поднесено **една Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење** до ОЈО Струга на 08.08.2022 година.

Иницијатива за кривично гонење на службено лице – градоначалник на Струга поради основани сомненија за сторено кривично дело по член 353 став (1) од Кривичниот законик, „Злоупотреба на службената положба и овластување" и Адем Ајдароски, именувано лице за ВД директор на ООУ „Гоце Делчев„ с.Подгорци, поради основани сомненија за сторено кривично дело во врска со член 353-в став (1) од Кривичниот законик, „Несовесно работење во службата". ДКСК, при своето надлежно постапување за предметниот случај утврди дека ваквото постапување на Градоначалникот на Општина Струга упатува на преземени активности за именување на лице за вршител на должност што претставува основ за сомневање за сторено кривично дело од член 353 став (1) од Кривичниот законик, „Злоупотреба на службената положба и овластување".

Имено наведеното лице, со вака преземеното дејство овозможил лицето именувано за вршител на должност директор да се стекне со лична корист и притоа била ускратена можноста на други лица кои ги исполнувале условите утврдени во Закон, да се пријават за предметната функција и да бидат именувани на истата а со што им била нанесена штета. Воедно, постапувањето на лицето, кое било избрано/именувано за ВД директор во предметното училиште, упатува на дејствија за негово несовесно работење што за ДКСК дава основ за сомневање за сторено кривично дело од член 353-в став (1) од Кривичниот законик, „Несовесно работење во службата", од причина што тој го прифатил изборот за ВД директор, со што овозможил да прибави за себе некаква корист а на други лица да им се нанесе штета.

ДКСК во рамките на своите надлежности од областа евидентирањето и следењето на имотната состојба за 2023 година **има** поднесено **една Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење** до Јавното обвинителство на РСМ.

Иницијатива за поведување на постапка за кривично гонење доставена на 13.10.2023 година до Основното јавно обвинителство Скопје против ///////– директор на Државен инспекторат на //////, поради постоење на основи на сомневање за сторено кривично дело„Прикривање на потекло на несразмерно стекнат имот" од член 359 од Кривичниот законик.

Со почит,

Претседател
Татјана Димитровска

Изготвил: Бурим Абази – Службено лице,
Одобрил: Адем Чулуљ – Генерален секретар,